# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 20/09 и 17/11) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ ЃУБРЕТО МОЖЕ ДА СЕ ПЛАСИРА НА ПАЗАР, ОДНОСНО ДА СЕ ЕВИДЕНТИРА, КАКО И ОСТАТОКОТ ОД ПРОБНОТО ПРОИЗВОДСТВО, ОД ИЗВОЗ ИЛИ ОД КРАЈНИОТ КОРИСНИК (*) 1

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите под кои ѓубрето може да се пласира на пазар, односно да се евидентира, како и остатокот од пробното производство, од извоз или од крајниот корисник.

## Член 2

Ѓубрето кое се пласира на пазарот треба да ги исполнува следните услови:
- да е пакувано во оригиналната амбалажа;
- да има соодветна етикета;
- да има идентификациска ознака;
- да има ознака за типот на вештачко ѓубре;
- видно да се истакнати хранливите состојки со хемиски симболи и со зборови;
- за ѓубрето во ринфузна состојба декларацијата да е истакнато на видно место; и
- да е ставена заштитна клаузула.

## Член 3

Ѓубрето кое се пласира на пазар како остаток од пробно производство може да се евидентира доколку во декларацијата на ѓубрето се наведни;
- видот на ѓубрето;
- заостанатите количини на ѓубрето;
- датата на производство; и
- адресите на производителот, производниот погон и складиштето во кое е секладиран остатокот на ѓубрето.

## Член 4

Ѓубрето кое се пласира на пазар како остаток, од пробно производство и извоз или од крајниот корисник може да се евидентира доколку се исполнети следните услови:
- правните лица кои произведуваат, пласираат на пазар ѓубрива да водат евиденција за остатокот на количества на ѓубрето и податоците да ги доставаат до Фитосанитарната управа најдоцна до 31 март наредната година.
- Државниот инспекторат за земјоделство по барање на Фитосанитарна управа да изврши контрола и зел примероци од остатокот на ѓубрето и истите ги доставил во овластена лабораторија;
- да е обезбедено мислење од овластена лабораторија дека ѓубрето ги задржало истите особини дадени во првобитниот извештај врз база на кој ѓубрето било пуштено во промет;
- ѓубрето е во истото пакување во кое е пласирано;
- остатокот на ѓубрето се наоѓа на обележено место во магацинот;

- да има декларација во која ќе се истакне рокот на важност на ѓубрето;
- да има решение од Фитосанитарна управа дека остатокот на ѓубрето може да го пласира на пазар;
- да се евидентираат заостанати количества на суровини за производство на ѓубриња;
- да се евидентираат количините на остатокот од ѓубре и
- да е наведена адреса на просториите каде се чуваат остатоците од количества на ѓубриња, адреса на производителот и адреса на производниот погон.

## Член 5

Ако одредено количество ѓубре кое се произведува за познат купувач остане непласирано/непотрошено/, истото се евидентира и се складира во магацин под услови пропишани во декларацијата.

## Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 17- 472/3 | Министер за земјоделство, |
| јули 2011 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Димовски** , с.р. |